**ЗАПИСНИК**
**од 54-та седница на Советот**
**одржана на 19.11.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Борис Арсов, м-р Методија Јанчески, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Селадин Џезаири, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, м-р Алма Машовиќ, Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет: /**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Драгица Љубевска, Владимир Ѓорѓиески, Луција Ѓурковиќ и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари: /**

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 54-та седница на Советот за радиодифузија на РМ. Во однос на дневниот ред, предложи "Информацијата во врска со плаќањето на надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност од страна на трговските радиодифузни друштва за кои беше иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на 2 ноември 2012 година", подготвена од Секторот за економско-финансиски работи и Секторот за правни работи, да биде ставена во дневниот ред како Точка 2. Предлогот беше едногласно усвоен.

Други предлози за дополнување и измена на дневниот ред не беа понудени. Советот едногласно, го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Барање бр.11-387 од 15.11.2012 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.7 на Диги плус мултимедиа ДООЕЛ Скопје.
2. Информација во врска со плаќањето на надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност од страна на трговските радиодифузни друштва за кои беше иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на 2 ноември 2012 година.
3. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа доставеното Барање бр.11-387 од 15.11.2012 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.7 на Диги плус мултимедиа ДООЕЛ Скопје.

Вишиот соработник од Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродни права, објасни дека Барањето бр.11-387 од 15.11.2012 година, за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр.7 на Диги плус мултимедиа ДООЕЛ Скопје, е согласно обврските од член 109 од Законот за радиодифузната дејност, како и согласно Правилникот за регистрација на пакетот програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи донесен од страна на Советот за радиодифузија, а со цел регистрирање на програмскиот канал HISTORY.

Советот едногласно одлучи да се прифати Барањето за дополнување на регистрираниот пакет програмски сервиси бр. 11-387 од 15.11.2012 година, доставено од операторот на јавна комуникациска мрежа: ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ Скопје и на ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ Скопје да му се издаде Потврда за регистриран програмски пакет бр.7, на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ја изготви Потврдата и да ја запише во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста да ја објави на Веб страницата на Советот за радиодифузија измената во програмскиот пакет на: ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ Скопје;

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ја достави горенаведената потврда до ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИА ДООЕЛ Скопје.

**Точка 2**

Советот ја разгледа предложената Информација во врска со плаќањето на надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност од страна на трговските радиодифузни друштва за кои беше иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на 2 ноември 2012 година. Информација беше детално објаснета од Раководителот на Секторот за економско-финансиски работи.

Советот ја усвои Информацијата во врска со плаќањето на надоместокот за дозвола за вршење радиодифузна дејност од страна на трговските радиодифузни друштва за кои беше иницирана постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на 2 ноември 2012 година.

Советот констатира дека ТРД Радио Фокус ДООЕЛ Тетово, ДРД Еко Радио ДООЕЛ Пробиштип и ТРД Радио Валандово ДОО Валандово извршиле плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност, по иницирањето на постапката за одземање на дозволата, а пред донесување на одлуката на Советот, согласно член 23, став 3 од Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Советот за радиодифузија на РМ (“Сл. весник на РМ“ бр.64/2012).

Советот, едногласно, согласно член 223 став 1 од Законот за општа управна постапка, донесе заклучок за запирање на иницираната постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на трговските друштва ТРД Радио Фокус ДООЕЛ Тетово, ДРД Еко Радио ДООЕЛ Пробиштип и ТРД Радио Валандово ДОО

Валандово, поради тоа што радиодифузерите во дополнителниот рок од 15 дена извршиле плаќање на долгот во целост.

Советот ги задолжи Секторот за правни работи да ги подготви заклучоците за запирање на иницираната постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност за ТРД Радио Фокус ДООЕЛ Тетово, ДРД Еко Радио ДООЕЛ Пробиштип и ТРД Радио Валандово ДОО Валандово.

Советот го задолжи назначеното лице од Советот за водење на предмети по управна постапка, да ги запише во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп1 заклучоците за запирање на иницираната постапка за одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на трите горенаведени радиодифузери.

**Точка 3**
**Разно**

**Бр.02-5888/4**
**04.12.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**

**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил/одобрил: Ружица Бошнакоска Јотевска*